**Епизода 7: Медиумска писменост 101: Медиумската писменост и граѓанскиот ангажман**

***Најавна шпица***

**ВОДИТЕЛ:** Добредојдовте назад во „Медиумска писменост 101,“ радио-програма чија цел е да ги едуцира и оспособи слушателите како да се движат низ медиумскиот простор на критички и информиран начин.

**ВОДИТЕЛ:** Во денешната епизода, ќе се фокусираме на медиумската писменост и граѓанскиот ангажман.

***Звук 1: Улогата на медиумите во демократијата  и граѓанскиот ангажман***

**ВОДИТЕЛ:** Медиумите играат голема улога во демократијата и граѓанскиот ангажман. Тие претставуваат контрола за владата и другите институции и им ги споделуваат на граѓаните информациите кои им се потребни за да донесат информирани одлуки. Секако, многу е важно  за медиумските корисници  да бидат критички настроени кога читаат или слушаат вести и информации кои ги објаснивме во минатите епизоди  и кои можат  да ги наведат да се сомневаат  во секоја информација која ќе ја сретнат  на Интернет, но нашата намера е да создадеме  свест и знаење за да можат активно да се вклучат  на безбеден, информиран и сигурен начин.

***Звук 2: Начини како да останете информирани,  ангажирани и вклучени како граѓани***

**ВОДИТЕЛ:** Со цел да останете информирани, ангажирани и вклучени како граѓани,  важно е да  имате пристап до многубројни извори, информации и вести и кон истите да пристапувате од различни перспективи. Ви даваме неколку совети:

-  Следете реномирани и веродостојни вести и организации кои ги проверуваат фактите
-  Секогаш разгледувајте различни перспективи и гледишта кога читате/слушате вести
-  Информирајте се за локалната и државната политика, како  и националните и интернационалните вести
-  Вклучете се во настани организирани на локално ниво и локални организации
-  Информирајте се и научете повеќе околу дигиталните медиуми преку посетување на онлајн курсеви кои се бесплатни

  Постојат повеќе квалитетни курсеви и веб-страни кои нудат информации и насоки за препознавање на „misinformation“, дезинформации  и „malinformation“ (MDM). На

пример, вебсајтот за медиумска писменост на Ирска  има повеќе извори, линкови и онлајн курсеви кои се погодни за сите возрасти.

„Poynter.org“, американски институт за новинарство,  нуди курсеви и корисни извори преку „MediaWise“. Нивната цел е да ги оспособи луѓето на сите возрасти да бидат покритични настроени кон содржините кои ги сретнуваат онлајн.

Проверете го нашиот вебсајт ....... за да имате пристап до повеќе корисни извори и линкови.

***Звук 3:  Начини на кои можете да учествувате во медиумите и  да ги изразувате вашите гледишта и ставови***

**ВОДИТЕЛ:** Постојат повеќе начини на кои можете да учествувате во медиумите и притоа да ги изразувате вашите сопствени гледишта, како на пример:

- Да испраќате статии и ваши мислења до редакцијата на локалните весници
- Да се јавувате во радио „talk shows“ каде ќе ги изразувате вашите мислења и ставови
- Да креирате сопствени содржини преку блогови, подакст и социјални медиуми
- Да се вклучите во продукција на локалните медиуми, како на пример во локалната телевизија или радио станици
- Да бидете активни во вашата локална заедница преку гласање,учество на состаноците во општинските тела и да се вклучувате во граѓански активности

***Звук 4: Гостин говорник***

Ќе ве запознаеме со  ........... член на „Age Action“ (или слично на тоа ) кој подетално ќе ни објасни за организацијата

**ВОДИТЕЛ:** Следната епизода ќе се емитува нашата последна епизода од серијата на емисии, која ќе се фокусира на заклучок и понатамошни чекори. Ќе ги сумираме клучните согледувања од овој тренинг курс,континуираното учење  и ќе споделиме матерјали и ресурси за понатамошно учење.

**ВОДИТЕЛ:** Приклучете се наредната недела во  последната епизода „Медиумска писменост 101“. Во меѓувреме, не заборавајте да го проверите нашиот вебсајт за повеќе информации и  корисни линкови и извори поврзани со медиумската писменост.

***Одјавна шпица***

**ВОДИТЕЛ:** Ви благодариме што се приклучивте во нашата емисија  „Медиумска

писменост 101." До следно видување, останете информирани, љубопитни и медиумски писмени.

***Завршна музика***